РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
„ПАВЕЛ ШАТЕВ"
Бр. 02-509/4
21.12 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 1 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 129/2023), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАДОМЕСТОЦИ

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува исплатата на надоместоците за работата на членовите/замениците членови на органите и комисиите на Академијата, предавачите, координаторите, менторите, странските еспeрти ангажирани за потребите на Академијата, надоместоците на учесниците во континуирана обука, вработените во стручната служба кои работат со органите и комисиите на Академијата, на членовите на редакцискиот одбор на Академијата и други лица ангажирани во рамките на дејноста на Академијата согласно Законот и актите на Академијата.

### Член 2

Сите надоместоци кои се утврдуваат согласно овој правилник се изразуваат во нето износ, а персоналниот данок го исплаќа Академијата која има обврска за извршените исплати во законскиот рок да достави потврди за уплатениот персонален данок на доход како основа за пополнување на Годишна даночна пријава до Управата за јавни приходи.

### Член 3

(1) На членовите на Управниот одбор, Програмскиот совет, Приемната и Завршната комисија, Комисијата за ревизија, предавачите во почетна и континуирана обука, предавачите по потреба, учесниците во континуирана обука и кандидатите од почетна обука кога се наоѓаат на практична настава во случаите кога истите се упатени на обуки, на кои местото на редовно извршување на работите им е надвор од седиштето на Академијата им следува надоместок на патни трошоци.

(2) Надоместокот на патни трошоци се утврдува согласно растојанието од местото на редовно извршување на работите и работните задачи, до седиштето на Академијата во висина на вистинските трошоци за јавен превоз, а доколку не постои таков, надоместок на патни трошоци во висина на вистинските трошоци за најевтиното превозно средство.

(3) Надоместокот на патни трошоци од ставот 3 на овој член не им следува на лицата на кои врз основа на службено одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место.

## II НАДОМЕСТОЦИ ЗА РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

### II.1. Надоместоци за работата на Управниот одбор

**Член 4**

(1) За вршење на работите од делокруг на нивната надлежност, членовите на Управниот одбор согласно член 13 од Законот имаат право на надоместок за извршената работа.

(2) Надоместокот за извршената работа од ставот 1 на овој член месечно изнесува 50% од просечната месечна плата исплатена во Републиката во последните три месеци, на кој износ Академијата плаќа персонален данок.

**Член 5**

(1) Надоместокот од член 2 став 2 на овој правилник му се исплаќа на членот односно заменикот член кој присуствувал на седницата на Управниот одбор.

(2) Доколку во текот на еден месец се одржуваат повеќе седници на Управниот одбор, надоместокот се исплаќа на членот односно заменикот член на Управниот одбор сразмерно на бројот на седниците на кои присуствувал.

(3) Присуството на седницата се докажува со потпис на списокот за евиденција или со доставен список од лицето кое работи со Управниот одбор доколку седницата се одржува online.

### II.2. Надоместоци за работата на Програмскиот совет

**Член 6**

(1) За вршење на работите од делокруг на нивната надлежност, членовите на Програмскиот совет, со исклучок на директорот, согласно член 22 од Законот имаат право на надоместок за извршената работа.

(2) Надоместокот за извршената работа од ставот 1 на овој член се определува врз основа на обемот на извршените работни задачи за конкретниот месец и месечно изнесува не повеќе од 45% од просечната месечна плата исплатена

во Републиката во последните три месеци, на кој износ Академијата плаќа персонален данок.

(3) Во месеците кога Програмскиот совет нема активности, фиксниот надомест кој им се исплатува на членовите изнесува 50% од максималниот надоместок утврден во ставот 2 на овој член.

(4) Останатите 50 % од максималниот надоместок утврден во ставот 2 на овој член, членовите на Програмскиот совет го добиваат по учинок за тековниот месец и тоа за извршување на следните активности:

- изготвување и утврдување на: предлог-програми за приемен испит, почетна обука, завршен испит, континуирана обука; утврдување предлог – програма за новоизбраните судии и јавни обвинители; утврдување предлог-програма за специјализирана обука на судиите поротници, судските службеници и други специјализирани програми – до 25 %;
- одржување работни состаноци заради редовно следење на реализацијата на програмите и нивната ефикасност и успешност, следење и обновување на програмите за обука; давање насоки за наставните методи и техники – до 25 %;
- давање мислење за листата на предавачи, оценување и евалуација на работата на предавачите на Академијата, оценување и евалуација на работата на менторите до 10 %;
- верификација на базите на прашања - до 25%;
- верификација на студии на случај - до 25%.

(5) Надоместокот за извршената работа на членовите на Програмскиот совет се исплаќа на месечно ниво, врз основа на пополнет образец за реализираните активности за конкретниот месец.

(6) Образецот од ставот 5 на овој член го подготвува и води лицето задолжено за работа со Програмскиот совет на Академијата.

## Член 7

(1) Надоместокот од член 6 став 2 од овој правилник му се исплаќа на членот односно заменикот член кој присуствувал на седницата на Програмскиот совет.

(2) Доколку во текот на еден месец се одржуваат повеќе седници на Програмскиот совет, надоместокот се исплаќа на членот односно заменикот член на Програмскиот совет сразмерно на бројот на седниците на кои присуствувал.

(3) Присуството на седницата се докажува со потпис на списокот за евиденција или со доставен список од лицето кое работи со Управниот одбор доколку седницата се одржува online.

## II.3. Надоместоци за работата на Приемната комисија

### Член 8

За вршењето на работите од делокругот на нивната надлежност, претседателот и членовите на Приемната комисија имаат право на надоместок согласно член 28 став 14 од Законот, чија висина се утврдува земајќи ги во предвид бројот на пријавени кандидати, времетраењето на приемниот испит, сложеноста на активностите на спроведување на приемниот испит и присуството на седници на Комисијата.

### Член 9

(1) Висината на надоместокот на Претседателот и членовите на Приемната комисија, се утврдува според следните параметри:
- по број на разгледани пријави - 10,00 денари нето износ, по кандидат;
- присуство при спроведувањето на тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ – 1000,00 денари нето износ по група на кандидати;
- присуство на полагање на психолошкиот тест – 1000,00 денари нето износ по група на кандидати;
- присуство на полагање на тестот за интегритет – 1000,00 денари нето износ по група на кандидати;
- присуство при спроведување на квалификациски тест – 1000,00 денари нето износ по група на кандидати;;
- присуство при спроведувањето на писмениот дел од испитот - 1000,00 денари нето износ по група на кандидати;
- прегледување и оценување на испитните задачи во рамките на писмениот дел од приемниот испит – 70,00 денари по испитна задача;
- спроведување на усниот дел од приемниот испит – 2500,00 денари нето износ, по ден;
- присуство на седница на Приемната комисија – 1.000,00 денари нето износ, по одржана седница.

(2) За претседателот на Приемната комисија или неговиот заменик, покрај активностите од став 1 на овој член, висината на надоместокот опфаќа и:
- учество на седници на Управен одбор заради презентирање на извештај пред Управниот одбор за текот и постапката при полагањето на приемниот испит – 1.000,00 денари нето износ, по одржана седница;
- раководење со седниците на Комисијата – 1.500,00 денари нето износ, по одржана седница.

(3) Доколку активностите од став 1 на овој член траат подолго од 8 работни часа, надоместокот се зголемува за 30% од утврдениот надоместок по ден и тоа сметано според бројот на часови.

(4) Доколку активностите од став 1 на овој член се одвиваат во неработен ден (викенд или државен празник), надоместокот се зголемува за 50% од утврдениот надоместок.

**Член 10**

За реализираните активности на Приемната комисија за кои е предвидено исплаќање на надоместок, секретарот на Комисијата по секоја одржана активност доставува список за евидентирано присуство на претседател, заменик претседател, член или заменик член, врз основа на што по завршување на приемниот испит се врши исплатата на надоместокот на Комисијата.

## II.4. Надоместоци за работата на Завршната комисија

**Член 11**

За вршењето на работите од делокругот на нивната надлежност, претседателот и членовите на Завршната комисија имаат право на надоместок согласно член 28 став 14 од Законот чија висина се утврдува земајќи ги во предвид бројот на кандидатите кои го полагаат завршниот испит, времетраењето на завршниот испит, сложеноста на активностите на подготовка и спроведување на завршниот испит и присуството на седници на Комисијата.

**Член 12**

(1) Висината на надоместокот на Претседателот и членовите на Завршната комисија, се утврдува според следните параметри:
- присуство при спроведувањето на писмениот дел од испитот - 1000,00 денари нето износ, по група кандидати;

- оценување на изработен акт – 150,00 денари по акт;
- присуство на симулација на судење – 100,00 денари нето износ по кандидат;
- спроведување на усниот дел од приемниот испит – 2500,00 денари нето износ, по ден;
- присуство на седница на Завршната комисија – 1.000,00 денари нето износ, по одржана седница.

(2) За претседателот на Завршната комисија или неговиот заменик, покрај активностите од став 1 на овој член, висината на надоместокот опфаќа и:
- учество на седници на Управен одбор заради презентирање на извештај пред Управниот одбор за текот и постапката при полагањето на завршниот испит – 1.000,00 денари нето износ, по одржана седница;
- раководење со седниците на Комисијата – 1.500,00 денари нето износ, по одржана седница.

### Член 13

За реализираните активности на Завршната комисија за кои е предвидено исплаќање на надоместок, секретарот на Комисијата по секоја одржана активност доставува список за евидентирано присуство на претседател, заменик претседател, член или заменик член, врз основа на што по завршување на завршниот испит се врши исплата на надоместокот на Комисијата.

## II.5. Надоместоци за работата на Комисијата за ревизија на одржаните испити

### Член 14

(1) На членовите на Комисијата за ревизија на одржаните испити им следува паричен надоместок од извршена ревизија согласно член 29 став 8 од Законот.

(2) Надоместокот од ставот 1 на овој член изнесува:
- присуство на седница на Комисијата за ревизија – 1.000,00 денари нето износ, по одржана седница;
- учество на седници на Управен одбор заради презентирање на извештај пред Управниот одбор за текот и постапката за ревизија – 1.000,00 денари нето износ, по одржана седница.

(3) За извршената ревизија на Комисијата за ревизија, стручната служба на Академијата доставува список за евидентирано присуство на претседател, заменик претседател, член или заменик член, врз основа на што по завршување на ревизијата се врши исплата на надоместокот на Комисијата.

(4) Академијата го плаќа персоналниот данок за надоместокот од став 1 на овој член.

# III НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПРЕДАВАЧИТЕ

## Надомест за извршена работа на предавачите за потребите на континуирана обука

### Член 15

(1) На предавачите за спроведување на континуирана обука им се исплаќа надоместок според бројот на реализирани наставни часови.

(2)Доколку Академијата самостојно ја реализира обуката, надоместокот на предавачот на обуката за секој реализиран наставен час во траење од 45 минути, изнесува 2000,00 денари нето-износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата.

(3)Максималниот надомест кој може да се исплати за реализирани три и над три наставни часа, неможе да биде поголем од 6000,00 денари нето-износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата, на трансакциска сметка во банка определена од предавачот, што претставува надомест за ангажман од еден експертски ден.
(4)Предавачот кој има својство на модератор со обуката, покрај надоместокот за спроведената обука, има право на надоместок за модерирање со обуката во висина од 1.000,00 денари нето-износ по ден, со платен персонален данок на доход од страна на Академијата.
(5) Модераторот на обуката има обврска да ја отвори обуката со кратко воведно излагање, да ги води дискусиите, како и да поттикне интерактивно учество на обуката и на крајот од обуката да изведе завршни заклучоци.
(6) На предавачите, кои ги спроведуваат обуките од овој член, на нивно барање им следува и обезбедување на сместување и исхрана, доколку реализацијата на континуираната обука се врши на далечина поголема од 100 километри од нивното место на живеење и трае повеќе од еден ден.
(7) Директорот на Академијата со предавачите склучува договор за реализираната работа, во кој, покрај предметот на договорот, се содржани и условите за исполнување на договорот.
(8)Доколку Академијата организира обука во коорганизација и со финансиска поддршка на проект, од чиишто финансиски средства се исплаќаат надоместоците за предавачите на обуката во целост, вклучувајќи го и персоналниот данок од доход, висината на надоместокот се определува согласно интерните правила на странскиот проект, водејчи сметка за тоа тој да не биде помал од износот што Академијата им го исплаќа на предавачите согласно овој член како и за лицата кои можат да бидат исплатени согласно правилата на проектот.

**Член 16**

(1) Заради подготовка и селекција на текстови за стручно списание, подготовка на апликации за проекти, реализација на работата на редакцискиот одбор на Академијата и заради други потреби кои се јавуваат во остварувањето на дејноста, Академијата може да ангажира експерти од редот на предавачите, менторите или надворешни лица, со кои склучува договор во кој детално се наведуваат сите дејствија за кои се ангажирани експертите.

(2) Ангажманот од став 1 на овој член се пресметува во експертски ден кој опфаќа реализација на активностите од склучениот договор од став 1 на овој член и за истиот за експертот следува надомест од 6000,00 денари за еден експертски ден.

**Член 17**

Предавачите по потреба кои се ангажираат за спроведување на континуираната обука за одделните целни групи, имаат право на надоместоци за спроведената обука, под истите услови како и предавачите на Академијата.

## Надомест за извршена работа на предавачите за потребите на приемниот испит

## Член 18

(1) За подготовка на прашањата и понудените одговори за тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски, германски) од приемниот испит за почетна обука во Академијата, на предавачите им се исплатува надоместок од 24.000,00 денари во нето износ, кој подразбира изготвување на 100 прашања.

(2) За подготовка на прашањата и понудените одговори за квалификацискиот тест од приемниот испит за почетна обука во Академијата, на предавачите им се исплатува надоместок од 6000,00 денари во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата, кој подразбира изготвување на 40 прашања.

(3) За подготовка на студиите на случај за практичниот дел од испитот во рамките на приемниот испит за почетна обука во Академијата, на предавачите им се исплатува надоместок од 6000,00 денари во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата, кој подразбира изготвување на 10 студии на случај и 5 усни прашања по студија на случај.

(4) За подготовка на прашања за усниот дел од испитот во рамките на приемниот испит за почетна обука во Академијата, кои се однесуваат судско-обвинителската етика и прашања од правна култура, на предавачите им се исплатува надоместок од 3000,00 денари во нето износ кој подразбира изготвување на 50 прашања по правна култура и 3000,00 денари во нето износ кој подразбира изготвување на 50 прашања по етика.

## Надомест за извршена работа на предавачите за потребите на завршниот испит

## Член 19

(1) За подготовка на студиите на случај за практичниот дел од испитот во рамките на завршниот испит за почетна обука во Академијата, на предавачите им се исплатува надоместок од 6000,00 денари во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата, кој подразбира изготвување на 10 студии на случај и 5 усни прашања по студија на случај.

(2) За подготовка на граѓански и кривични студии на случаи за потребите на симулираното судење во рамките на завршниот испит за почетна обука во Академијата на предавачите им се исплатува надоместок од 6000,00 денари во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата, за еден експертски ден кој подразбира изготвување на 10 студии на случај и 5 усни прашања по студија на случај.

(3) За подготовка на прашања за усниот дел од испитот во рамките на приемниот испит за почетна обука во Академијата, кои се однесуваат судско-обвинителската етика и прашања од правна култура, на предавачите им се исплатува надоместок од 3000,00 денари во нето износ кој подразбира изготвување на 50 прашања по правна култура и 3000,00 денари во нето износ кој подразбира изготвување на 50 прашања по етика.

**Надомест за извршена работа на предавачите за потребите на почетната обука**

**Член 20**

(1) На предавачите на Академијата и предавачите по потреба кои се ангажираат за спроведување на почетната обука, можат да им се исплатат следните надоместоци:

- надоместок за спроведување на обуката кој опфаќа: надоместок за подготовка на наставни материјали – прирачници, обезбедување примероци од одлуки, работни листови, надоместок за прегледување и оценување на домашни работи и есеи;
- надоместок за подготвување на прашања и практични случаи за тестовите за проверка на знаењето по секој модул;
- на нивно барање, обезбедување на сместување и исхрана, доколку реализацијата на почетната обука се врши на далечина поголема од 100 километри од нивното место на живеење и трае повеќе од еден ден.

(2) Надоместокот за спроведување на обуката се исплаќа врз основа на бројот на реализирани наставни часови во почетната обука и изнесува 1.500,00 денари за еден наставен час по група слушатели во нето износ.

(3) Надоместокот за подготовка на прашања за тестовите за проверка на знаењето по модули изнесува 6000,00 денари во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата за изготвување на 40 прашања.

(4) Надоместокот за подготовка на практични случаи за тестовите за проверка на знаењето по модули изнесува 4000,00 денари во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата за изготвување на 20 студии на случај.

### Надомест за извршена работа на предавачите-координатори

### Член 21

(1) На координатор на предавачки тим на одреден модул од почетната обука му следува посебен надоместок за координирање на тимот, што изнесува 3.000,00 денари, во нето износ, еднократно.

### Надомест за извршена работа на предавачите-странски експерти

### Член 22

(1) Во зависност од темата на обуката, по потреба, Академијата може како предавачи да ангажира и странски експерти.

(2) На странските експерти, кои ја спроведуваат обуката од став 1 на овој член, им се исплаќаат следните надоместоци:

- надоместок за спроведената континуирана обука;
- патни трошоци (меѓународен и локален превоз), врз основа на претходен договор со предавачот и
- хотелско сместување на база полн пансион.

(3) На странски експерти, ангажирани од Академијата за спроведување на обука која Академијата ја организира самостојно им се исплаќа надоместок од буџетските средства на Академијата во вкупен нето износ од 200 евра во денарска противвредност на денот на исплата за ден спроведена обука, со платен персонален данок од страна на Академијата, за којашто цел со него склучува договор.

(4) Исплатата на надоместокот на странскиот експерт за спроведување на континуирана обука, Академијата го врши преку платен промет во странство на сметка во банка определена од предавачот-странски експерт.

(5) На странските експерти ангажирани за реализација на обука што Академијата ја организира во коорганизација и со финансиска поддршка на проект, од чиишто финансиски средства се исплаќаат надоместоците за предавачите на конкретната обука во целост, висината и начинот на исплата на надоместокот се определува и исплаќа согласно интерните правила на проектот.

### Член 23

Доколку предавачот во континуирана или почетна обука се изложил на договорени и оправдани трошоци поврзани со подготовката и спроведувањето на обуката во Академијата (трошоци за печатење, умножување материјали и слично), истиот има право на поврат на реално направените трошоци врз основа на приложена сметка (сметкопотврда, фискална сметка).

## IV НАДОМЕСТОЦИ ЗА МЕНТОРИТЕ ВО ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА ОД ПОЧЕТНАТА ОБУКА

### Член 24

(1) Менторите под чии насоки и упатства се спроведува практичниот дел од почетната обука во Академијата имаат право на надоместок за изведување на практичната настава – менторирање.

(2) Надоместокот што им се исплаќа на менторите за изведување на практичната настава изнесува 1.500,00 денари неделно за секој менториран слушател на почетна обука, во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата.

(3) На координаторот на менторскиот тим му се исплаќа месечен надоместок од 1000,00 денари, во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата.

(4) На регионалниот координатор на менторскиот тим му се исплаќа месечен надоместок од 1000,00 денари, во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата.

## V НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА АКАДЕМИЈАТА

### Член 25

(1) На вработен во стручната служба на Академијата, кој покрај работните задачи од своето работно место, со одлука на директорот е определен да врши подготовка на седниците, да води записник на седниците на Управен одбор и да врши други стручни и административни работи за потребите на Управниот одбор, му се исплаќа месечен надомест од 5.000,00 денари во нето износ, во месеците кога се одржуваат седници на Управниот одбор.

(2) За надоместокот утврден во став 1 од овој член, решение носи директорот на Академијата.

### Член 26

(1) На вработен во стручната служба на Академијата, кој покрај работните задачи од своето работно место, со одлука на директорот е определен да врши подготовка на седниците, да води записник на седниците на Програмскиот совет и да врши други стручни и административни работи за потребите на Програмскиот совет, му се исплаќа месечен надомест од 5.000,00 денари во нето износ, во месеците кога се одржуваат седници на Програмскиот совет или состаноци за верификација на базите на прашања и студии на случај за приемен и завршен испит.

(2) За надоместокот утврден во став 1 од овој член, решение носи директорот на Академијата.

**Член 27**

(1) На вработен во стручната служба на Академијата, кој покрај работните задачи од своето работно место, со одлука на директорот е определен за секретар и помошник секретар на Приемената комисија, му се исплаќа месечен надомест од 5.000,00 денари во нето износ, со платен персонален данок, за времетраењето на испитната сесија односно до завршувањето на сите активности поврзани со приемниот испит, освен во месеците кога Комисијата нема активности.

(2) За надоместокот утврден во став 1 од овој член, решение носи директорот на Академијата.

**Член 28**

(1) На вработен во стручната служба на Академијата, кој покрај работните задачи од своето работно место, со одлука на директорот е определен за секретар и помошник секретар на Завршната комисија, му се исплаќа месечен надомест од 5.000,00 денари во нето износ, со платен персонален данок, за времетраењето на испитната сесија односно до завршувањето на сите активности поврзани со завршниот испит.

(2) За надоместокот утврден во став 1 од овој член, решение носи директорот на Академијата.

## VI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и со тоа престанува да важи Правилникот за надоместоци број 02-44/25 од 24.1.2017 и 02-296/16 од 28.6.2019.

Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Претседател на Управен одбор,
Судија Беким Мехмеди